Почитувани сограѓани,

Општина Берово е моето родно место, место каде живеам, творам, и формирав мое семејство. Поборник сум за развивање и градење на демократските вредности во секој сегмент, врз принципите на почитување на човековите права, за достоинствен живот на граѓаните во секој сегмент на нивното делување и живеење.

Чесноста, упорноста и работливоста се моја водилка во животот. Така сум воспитуван и така ќе продолжам по патот на мојот живот.

Луѓето се добри, тие сакаат слобода и еднаквост,но потребна им е и солидарност.Секој човек е личност за себе,и е еденакво вреден како и секој друг. Секое човечко суштество, секој од нас, заслужува да ги реализира своите соништа за подобар живот. Шансите не смеат да бидат шанси за неколкумина, само за мнозинството, туку за сите.

Затоа, граѓаните заслужуваат политички решенија кои ќе бидат стабилни, развојни и напредни. Решенија кои секогаш ќе го водат општеството во насока за подобро утре, за подобар живот, за посилна економија, за техничка модернизација, за намалување на сиромаштијата, за зголемување на личните слободи, за еднаквост, за стабилно и праведно општество, за професионална администрација, за зачувување на животната средина, за регионална соработка, за целосно интегрирање во меѓународните организации и за развиени и самостојни општини како основна клетка за развојот на државата.

Го сакам местото во кое живеам, ги почитувам луѓето кои ме опкружуваат, сакам да помагам, сакам да ги гледа среќни, задоволни и насмеани моите сограѓани. Големината на едно место се мери со квалитетот на живеење и нивното задоволство. Решенијата кои ги нудиме во програмата го покажуваат патот кон моите цели. Тоа е правецот во кој сакаме да се движи општината, патот за враќање на младите генерации кои ги напуштија родните куќи и бараат егзистенција надвор од сопствените огништа. Сигурен сум дека ќе ги препознаете нашите искрени решенија, решенија за поинаква општина од која ќе почне да се шири енергија на младата генерација.

Искрено Ваш,

Звонко Пекевски

# Инфраструктура

## Осветлување

***Проблем:***

Голем број граѓани постојано се жалат дека во одредени делови од градот и населените места подолг временски период нема улично осветлување и дека дефектите не се отстрануваат навремено иако тие редовно плаќаат комунална такса за улично осветлување.

***Решение:***

Редовното одржување на јавното осветлување ќе се изведува преку составување на пријава – барање од страна на граѓани, месни и урбани заедници и ќе се однесува за дефект на улично осветлување и за проширување на улично осветлување. Исто така ќе се вршат редовни контроли,  теренски увиди за согледување на состојбите, отсранување на утврдените дефекти и доведување на јавното осветлување во исправна состојба.

Редовното одржување преку замена на елементи ќе го врши стручна служба која ќе ја утврди Комисијата за јавни набавки преку спроведена тендерска постапка.

Во овој дел ќе се изврши и  реконструкција во фази на цеколокупната мрежа на улично осветлување и замена на живините светилки со штедливи на целата територија во општина Берово

## Водовод и канализација

***Проблем:***

Во Берово и населените места Русиново и Смојмирово  дел од водоводниот систем се уште е со стари азбестни цевки. нема обезбеден алтернативен систем за водоснабдување, а некои населени места се уште не се приклучени кон регионалниот водовод „Студенчица“. Во некои некои  населени места дури и нема водоводна мрежа.

***Решение:***

Во текот на 2013 и 2014 година ќе биде извршена замена на  азбестни цевки на улицата „Дамјан Груев“ и во с.Смојмирово и с.Русиново

***Проблем:***

Селото Двориште користи вода за пиење од сопствен  систем за водоснабдување кој веке не ги задоволува потребите на населението, а неможе да се приклучи ниту на регионалниот водовод.

***Решение:***

Во 2013 и 2014 година ќе се изгради нов систем/каптажа и нов резервоар/ кој ќе биде вклучен на постоечката мрежа за водоснабдување. во с.Двориšт

***Проблем:***

Сведоци сме дека при обилни дождови доаѓа до преливање на атмосферската вода над каналите кои се направени за прифаќање на атмосферската вода од причини што не се одржуваат редовно и служат како места за фрлање на отпадоци, се излеваат и поплавуваат улици и куќи.

***Решение:***

Во првата година од мандатот ќе бидат извршено регулирање и канализирање на водите во: Коловски андак, канал Манаќија, канал на улица Прохорпчински и Цигански андак (Чучурско маало)

***Проблем:***

При поројни дождови на Улица Партизанска се собира големо количество на атмосверска вода која го отежнува движењето на автомобилите и на луѓето.

***Решение:***

До крајот на 2013 година ќе сеизврши поставување на шахта со решетки и цевки за одвод во реката Брегалница на улицата Партизанска во бизина на мостот.

***Проблем:***

Одредени населени места и населби од градот Берово сеуште не се поврзани со постоечкиот колекторски систем за отпадни води.

***Решение:***

Доизградба на мрежата за фекална канализација и поврзување со колекторскиот систем за отпадни води во с.Русиново, с.Владимирово и населбите во Берово - Ширината и Којова ливада, во првата половина од мандатот.

***Проблем:***

Ограничениот опфат на постоечките краци од колекторскиот систем на Беровско езеро не ги задоволува потребите на зголемениот број викендици во оваа туристичка населба.

***Решение:***

Продолжување на колекторот на кракот 1 кој ќе ги опфати изградените викендици во тој дел во перодот 2014-2015 година

## Урбанизам

***Проблем:***

Улици кои се во централното градско подрачјеи кои се доста прометни сеуште немаат уредени тротоар, и не е овозможено безбедно движење на пешаците.

***Решение:***

Изградба на тротоари на улиците Задарска, 11-ти Октомври, Мирче Ацев и доуредување на тротоарите на улиците Моша Пијаде, Борис Кидриќ, 11-ти Октомври во периодот од 2013 до 2015 година.

***Проблем:***

Потреба од измена на ДУП за одредени локации на територијата на општина Берово.

***Решение:***

Заради легализација на постоечките објекти и утврдување на нови локации за градба потребно е проширување на ДУП за локација -Ромско маало.

Измена на ДУП за туристичката населба Абланица. Во период 2013

## Зелени катчиња

***Проблем:***

Одредени постоечи паркови кои беа место за одмарање и забава на најмладите сега не се во функција и се запуштени, а жителите на градот има потреба од истите.

***Решение:***

Во 2014 година ќе се изврши реконструкција и обновување (поставување на урбана опрема) на паркот кај стара гимназија и обновување на зелените тревни површини

## Сообраќај

- Изградба, пробивање и асфалтирање на улици

***Проблем:***

Во Општина Берово се уште има улици кои не се асфалтирани, а некои и непробиени, што претставува голем проблем за жителите од тие места.

***Решение:***

Во периодот 2013-2017 година асфалтирање на улиците:

Во градот Берово, Братство и Единство, Балканска, Прохорпчински, Први Мај, 29 Ноември, Брдославица, улица Нова-Којова ливада

Експропријација и пробивање на улици во населеното место Ширината

Реконструкција и асфалтирање на улици во селските населби:

Во с.Двориште , улиците во Тренчовско и Добрилачко маало

Во с.Ратево, локалниот пат Три реки-с.Ратево

- Мостови

***Проблем:***

Мостовите се од витално значање на секое населено место и овозможуваат поврзување и комуникација на жителите од населените места.Во нашата општина постојат неколку такви мостови кои се руинирани или непостојат а населението има потреба од нив.

***Решение:***

Санација на АБ мостот на локалниот пат Три реки-с.Ратево.

Изградба на пешачки мост на р.Брегалница за местата Тешево-Грбавец, с.Митрашинци

Изградба на пристапен мост на р.Цироnска, с.Двориште до гробиштата во Баскалско маало.

Санација на мостот на р.Брегалница кај сточен пазар. Во временски период 2014 и 2015 година.

## Пазари

***Проблем:***

Градскиот пазар во Берово не ги исполнува соодветните стандарди за продажба на млечни и месни производи, а и  с.Русиново со околу 3000 жители има потреба од пазар.

***Решение:***

Во периодот од 2014-2014 година планирано е:

Осовременување на градскиот пазар во согласност со новите стандарди за безбедност на храна со изградба на дополнителен објект наменет за продажба на месни и млечни производи

Изградба на пазар во с.Русиново на веќе одредена локација

# Речно корито

***Проблем:***

Речното корито на реката Брегалница се уште не е доуредено по целото нејзино течение  и е грда слика за градот.

***Решение:***

Регулирање на речно корито на р.Брегалница на подегот од мостот на ул.Партизанска до регионалниот пат Берово-Струмица, 2015-2016 година

# Инвестиции и економски развој

## Економски развој

***Проблем:***

Општината Берово нема уредена локација за развивање на индустријата, односно индустриска зона што претставува еден од основните предуслови за влез на домашни и странски инвестиции во општината и економски развој на истата. Во општината практично и да не постојат производни капацитети. Најголемиот број на вработени се во администрација, образование, здравство, војската и полицијата. Приватниот сектор е сведен на маалски продавници, услужни дејности и угостителски објекти кои се на работ на егзистенција и кои претежно се семејни бизниси.

***Решение:***

Уредување на индустриската зона и зоната на мало стопанство во месноста Ширината

Потикнување на нови инвестиции во производствени погони каде општината ќе овозможи намалување на висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште (комунален надоместо) и до 80% во зависнос од следните критериуми: висината на инвестицијата, број на вкупно нови вработувања, број на вработувања од високо образовен кадар, користење на суровини од локално потекло, големина на пазарот, % на извоз, производство на готов или полуготов производ, воведување на нова технологија и креирање на нови асортимани на производи, еколошки аспект на производниот погон

Вклучување на приватниот сектор преку јавно приватно партнерство со цел зајакнување на општата локална економска состојба и отварање на нови работни места.

# Подобри услуги за граѓаните

## Администрација

***Проблем:***

Имајќи ги во предвид карактеристиките и квалитетот на инфраструктурното уредување на градот сведоци сме на  многу чести дефекти на мрежите, прекини во снабдувањата, неизвршување на одредени услуги и сл. Периодот до реагирањето на надлежните за отстранување на ваквите аномалии е доста голем што оди на огромна штета и незадоволство кај граѓаните.

***Решение:***

Уште во текот на 2013 година,  ќе се формира нова служба односно сервис на граѓаните. Новиот сервис или „Служба -24“ ќе биде организиран за 24-часовно примање на повици од граѓаните во врска со настанати дефекти на електричната мрежа, водоводната мрежа, канализацијата, оштетување на патиштата, објектите, како и сите други проблеми и загрозувања што можат да се појават во секојдневното живеење.

Службата веднаш по приемот на информацијата ќе реагира на барањето и ќе пристапи кон најитно решавање на настанатиот проблем со непосреден ангажман или активирање на надлежните институции во општината.

## Побрзо вадење документи

***Проблем:***

Факт е дека секогаш кога треба да остварат некое свое право односно да извадат некаква документација од надлежните органи во ЕЛС граѓаните се уште се шетат од врата до врата и од служба до служба. Не се информирани каде можат да ги добијат формуларите.

***Решение:***

Во првите шест месеци од мандатот ќе воведеме целосно организиран и функционален едношалтерски систем. Граѓаните ќе бидат примени на едно место каде што ќе го искажат и поднесат своето барање, а вработени во стручните служби на ЕЛС ќе го завршат целиот процес на прибирање на документација од сите надлежни служби и на крајот од истото тоа место граѓаните ќе ги подигаат конкретните документи без шетање, трошоци и одолговлекување на рокови. Воедно сите потребни формулари од областа на комунални работи, локален економски развој, одделението за урбанизам, администрирање на приходи и други формулари од надлежност на подрачните министерства ќе бидат објавени на веб страната на оптината.

# Јавен превоз

***Проблем:***

Во нашата општина во населените места живее претежно сиромашно население и повеќето се стари лица, немаат соодветна здравствена заштита и поголем дел од потребите за намирници лекарства ги остваруваат во Берово.

***Решение:***

Еднаш месечно ќе се обезбедува бесплатен јавен превоз за стари лица, лица кои се социјално загрозени, лица со посебни потреби и други ранливи категории.

# Квалитетен живот

## Екологија и зеленило

***Проблем:***

Во општината постои едно јавно претпријатие кое се грижи за водоснабдувањето, собирање на отпадот и одржување на гробиштата, кое заради неадекватната оргазнизациона поставеност и не располагање со соодветни опрема и возила не дава соодветни услуги на граѓаните, посебно во одржувањето и управувањето со гробиштата.

***Решение:***

Веднаш по конституирањето, Советот на оштпина Берово ќе донесе одлука за нова организациона поставеност на ЈПКР Услуга Берово со раздвојување на надлежностите за управување со отпадот и управување и одржување со гробиштата.

Новоформираното ЈП кое ќе ги преземе сите надлежности согласно законот за гробишта, а посебно со изградба на придружни објекти, изградба на патеки и зеленило. Постојното, ЈП ќе ги задржи сите активности за квалитетно управување со отпадот, при што ќе преземе чекори за обезбедување канти за селектирање на отпадот

***Проблем:***

Веке неколку години наназад Берово се соочува со проблемот од немање простор за гробни места, бидејки постоечката локациаја е скоро исполнета. Современиот начин на живеење ја наметнува потребата од изградба на градска капела.

***Решение:***

Во период 2013-2014година,Експропријација на приватно земјиште во непосредна близина на градските гробишта за проширување на постоечката локација. Во тој дел ќе се изгради градска капела со средства обезбедени од буџетот на општина Берово во период 2014-2016

*Проблем:*

Туризмот како приоритетна гранка на општината има потреба од збогатување со туристички содржини кои ќе го задоволат и зголемат интересот на туристите и посетителите.

*Решение:*

Во ткот на четиригодишниот мандат ќе се посветиме на реализација на проектите од областа на туризамот, Развој на етно село-локација Манастир и етно парк-локација Јуовец

Изградба на голф терени на Беровско езеро

Формирање на туристичко биро

*Проблем:*

Шумите се наше безценето природно богатство, наше обележје. Честите појави на пожари ја загрозуваат безбедноста на граѓаните и ги уништуваат природните ресурси кои се од витално значење за граѓаните на општината.

*Решение:*

Изградба на отворени хидрантски мрежи во градот и населените места во периодот 2013/2014година

## Образование

*Проблем:*

Изумирањето на активностите кои учениците од основното училиште ги реализираа во клубовите на Народна техника им ја скрати можноста за учество на натпревари со кои можеа да си обезбедат стипендии во текот на нивното натамошно школување.

*Решение:*

Реновирање и опремување на просториите на Народна техника и отварање на клубови од различни области на млади техничари (бродомоделарство,

ракетномоделарство, филм и фотографија, телеграфија...) со ангажирање на соодветни ментори. Планирано за реализација во 2015 година.

## Спорт

***Проблем:***

Берово веќе не е расадник на млади спортисти и таленти.

***Решение:***

Изготвување на програма за подршка на талентирани спортисти. Формирање на спортски клубови (школи за талентирани ученици) во склоп на основното и средното училиште. Регрурирање на млади и талентирани спортисти и нивна афирмација- 2014 година

Изградба, реконструкција и осветлување на спортски терени во градот Берово и населените места-2014/2015 година

Подршка и афирмација на фудбалскиот клуб„Малеш“, со негова трансформација согласно законот за спорт, 2014 година.

## Култура

***Проблем:***

Мали се можностите за културно изразиување и творење на младите во нашата општина. Недостаток е постоењето на културен центар. Мал е бројот на културни содржини што градот ги нуди на граѓаните, туристите и посетителите.

***Решение:***

Во текот на четиригодишниот мандат планирани се повеќе проекти за реализација во областа на културата:

- Реконструирање на кино салата при Домот на културата
- Отворање на музичка школа при Домот на културата
- Формирање на аматерски театар

- Реновирање на просториите во Домот на културата и отворање на клубови за забаваи рекреација.
- Внатрешно уредување на Градската библиотека и збогатување на книжниот фонд
- Организирање на Беровско културно лето во периодот  месец август

## „МОЕТО МААЛО"

## „МОЕТО СЕЛО"

### БУДИНАРЦИ

- Изградба на канализација
- Отварање на пензионерски дом во селскиот дом
- Подобрување на пристапните патишта до имотите на населението.

### ВЛАДИМИРОВО

-Санирање на зградата на „Месната заедница"

-Доизградба на фекалната канализација и врзување за колекторскиот систем

-Подобрување на уличното осветлување и поставување на нови арматури.

-Санирање и доизградба на селски улици.

### ДВОРИШТЕ

-Подобрување на уличното осветлување

-Изградба на каптажа, резервоар и цевковод за водоснабдување

-Реконструкција и асвалтирање на улиците во Тренчовска и Добрилачка маала,

### МАЧЕВО

-Пробивање и асвалтирање на улици во с.Мачево во должина од 300 м

-Изградба на фекална канализација со пречистителна станица

-Подобрување на уличното осветлување во селото

### МИТРАШИНЦИ

-Доизградба на фекалната канализација со пречистителна станица

-Изградба на пешачки мост на река Брегалница во месноста  Тешовец-Грбавец

-Асфалтирање на улици

## РАТЕВО

-Реконструкција на локален пат „Три реки-с.Ратево“

-Подобрување на водоснабдувањето во селото-нов водовод

-Доизградба на канализацијата-колектор и пречистителна станица

-Санирање на АБ мост на локален пат „Три реки-с.Ратево.

## РУСИНОВО

-Асфалтирање на улици „Чукарци, Буровци“

-Пробивање и тампонирање на локален пат с.Русиново-Безгаштево-поставување пропусти и ископ на канавки

-Замена на азбест цементните цевки на дел од водоводната мрежа

Уредување на централното селско подрачје

-Изградба на канализационен крак Мирчовци - Гуџевци

Изградба на канализационен крак Костевци – Трнковски

-Изградба на спортски терени кај основното училиште.

## СМОЈМИРОВО

-Подобрување на водоснабдувањето-замена на азбест цементни цеви

-Изградба на фекална канализација

-Партерно уредување на локацијата – раскрсница „Скопје-Берово-Пехчево.

-Изградба на улица кон селските гробишта.

## НАСЕЛБА„ЈУРУКО“

-Канализирање на Коловски андак

-Изградба на потпорен зид на улица „Бел Камен“

-Изградба на маалско спортско игралиште

# НАСЕЛБА „МАНАЌИЈА“

-Асфалтирање на улиците  „Прохор Пчински“, „Балканска“ и „Братсво Единство“

-Канализирање на каналот од  Манаќија на ул. „Велко Влаховиќ“

-Реконструкција на каналот на ул. „Прохор Пчински“

# НАСЕЛБА „ШИРИНАТА“

-Пробивање и тампонирање на улици во Ширината

-Поврзување на фекалната канализација со колекторскиот систем

# НАСЕЛБА  „КОЈОВА ЛИВАДА“

-Изградба и асфалтирање на улици

-Подобрување на уличното осветлување

# НАСЕЛБА „БРДОСЛАВИЦА“

-Изградба и асфалтирање на улицата

-Изградба на фекална канализација

# НАСЕЛБА „ЈУОВЕЦ“

-Реконструкција на улица „Карпош“

-Реконструкција на трим стаза на локалитетот Јуовец

# ЦЕНТРАЛНО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ

-Изградба на улица-спојка на ул. „Задарска“

-Изградба на тротоари на Ул. „Задарска“, „11 Октомври“, „Страшо Пинџур“ и „Моша Пијаде“.

-Асфалтирање на улиците „Димитар Влахов“, „1 Мај“ и „23 Август“.